# СКЛУЧЕН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ





Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија на 11 јули 2024 година склучи Меморандум за соработка со Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со цел унапредување на конкуренцијата на пазарот на капитал во Република Северна Македонија, а во рамки на надлежностите на двете институции.

Потписници на Меморандумот се Претседателката на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Ана Николоска и Претседателката на Комисијата за хартии од вредност, М-р Нора Алити.

Меѓусебната соработката е особено значајна при спроведување на постапките за преземање на акционерски друштва и на квалификувано учество во овластените учесници на пазарот на капитал во кои се вклучени двете институции.

Со склучениот Меморандум ќе се поттикне поголема ефикасност, ефективност и правично функционирање на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија од аспект на конкуренцијата за крајните корисници.